29.01.2009 :: Бр. 14013
Излегува секој ден освен недела.
Првиот број излезе на 11.11.1963 год.

ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКОЛОГИЈА



СКОПСКА

ОЦЕНА НА УСАИД

# Скопје лидер во регионот за рециклирање



Градоначалникот на Град Скопје, Трифун Костовски, деновиве остварил средба со претставници на УСАИД на која биле разменети позитивните искуства од спроведувањето на проектот за рециклирање на ПЕТ амбалажа, којшто веќе една година се спроведува на подрачјето на општината Карпош. Градоначалникот Костовски соработката со УСАИД ја оценил како мошне успешна и изразил надеж дека селектирањето на пластичната амбалажа ќе продолжи во сите скопски општини. Тој потенцирал дека успешното спроведување на овој проект отвора можност за уште поголеми заложби за селектирање и рециклирање на хартијата и на стаклото во метрополата.

Директорот на бирото за екологија на УСАИД за Европа, Мухамед Љатиф, истакнал дека Градот Скопје изгради успешен систем за рециклирање што не може да се сретне кај другите земји во регионот. Негова констатација била дека ПЕТ амбалажата добро се складира, контејнерите за ПЕТ се полни, а расфрлана пластика не може да се најде. Љатиф заборувал и за улогата на Ромите во собирањето на пластичниот отпад која високо ја ценел, бидејќи тоа значи нивно самовработување.

Од УСАИД понудиле обезбедување на нови контејнери за пластичен отпад за да се прошири системот за селектирање.

Директорот на ЈП "Комунална хигиена" Златко Димовски ги информирал дека во изминатиов период поставиле 120 контејнери за ПЕТ амбалажа, но потребни ни се уште толку за целосно да го покриеме колективното домување во градот. Во Карпош биле покриени 70 проценти од индивидуалното домување, а 50 отсто до колективното. Во моментов се подигнуваат по два тони пластичен отпад неделно, но се планира да се подига по пет тони неделно. Димовски потенцирал дека јавното претпријатие има слаба поддршка од стопанството, но дека очекува наскоро да се промени Законот за третман на отпадот кој ќе ни овозможи поефикасно собирање и третман на пластичниот отпад.

***(А.И.)***

Статијата е прочитана 340 пати.

**Зошто мојот коментар не излегува на Web страницата?**

**Оставете коментар за објавената вест**

Сите полиња се задолжителни!

Од кого:

Коментар:

*Ве молиме впишете ја шифрата и притиснете испрати

2647

ИСПРАТИ

## Насловна




PEUGEOT
e-Banking
Брилијант
OHRIDSKA BANKA
SOCIETE GENERALE GROUP
TTK БАНКА
T Mobile
COSMOFON

## Најнови вести

13:17 Радован Караџиќ смета дека обвинението против него треба да се скрати

13:14 ЕК побара од грчките власти да обезбедат транспортен коридор за Бугарија

12:16 Цел Балкан мора да биде интегриран во ЕУ

11:38 Двојно повеќе зголемен бројот на невработените во Германија

11:37 Кравите кои имаат имиња се посреќни и даваат

## Гола вистина



## Временска прогноза

Skopje-Petrovec,
7 °C
Заоблачено
at 4:00 PM
Притисни за Прогноза

## Курсна листа

| | |
|---|---|
| CHF | 40.85 |
| EUR | 61.41 |
| USD | 47.27 |

## Марфи

Додека да дојдеш на ред правилата ќе се сменат.

СИТЕЛ | BLIC | DNEVNIK.HR | KURIR | NOVA TV | INDEX.HR | KISS ON.NET | МАРИФЕТ | MOTORI | PANEL PLUS | F1 ALMANAH | ALPINIZAM COSMOFON | T-MOBILE | БРИЛИЈАНТ | ZEGIN | ALKALOID | ALPHA BANK | KOMERCIJALNA BANKA | NLB TUTUNSKA | ВАРДАР ОСИГУРУВАЊЕ

ВАРДАР осигурување

ZEGIN

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ




Неспоредливо моќен

PANEL plus

ДЕЛТА БРОКЕР
ЧЛЕН НА Г7 БИЗНИС ГРУПА

Марифет FORUM




Powered by nextsense webBuilder

© Вечер Прес, сите права задржани